Маргарита ПЕШЕВСКА **УДК: 327.54(4)**

# БЕРЛИНСКАТА КРИЗА И НЕЈЗИНОТО РАЗРЕШУВАЊЕ

***Кратка содржина***

*Светската историја по Втората светска војна е обележана со специфични меѓународни односи. Во светот во овој период се појавија многу кризи кои можеа да прераснат во нов светски конфликт. Тоа е глобален обид за да дојде до промена во односите на силите. Уништувањето на германските вооружени сили носеле и корените промени во односите меѓу СССР и земјите на западните демократии. Со уништувањето на Германија тие го уништиле и својот единствен непријател кој единствено ги поврзува во текот на војната. Повоената состојба значело повеќе престанување на војната отколку почеток на мирот. Военото сојузништво се заменува со студена војна која доаѓа до израз и во Берлинската криза, кога светот се нашол пред опасноста од почеток на нова војна.*

***Клучни зборови:*** *СТУДЕНА ВОЈНА, БЕРЛИН, БЕРЛИНСКИ ЅИД, КРИЗА, СССР, САД, ВОЈНА, ГОЛЕМИ СИЛИ, ООН.*

Едно од клучните прашања во Европа по Втората светска војна беше германското прашање. Уште за време на војната големите сили, основачи на Антихитлеровската коалиција[1], биле решени да ја разделат Германија со цел таа, по војната, да не претставува закана за мирот во светот. На состанокот во Јалта дефинитивно е заземен став, војната да се води до безусловна капитулација на Германија[2].

На Конференцијата во Потсдам големите сили решаваат Германија да биде поделена на окупациони зони под команда на команданти на големите сили. Бил формиран Сојузнички контролен совет со седиште во Берлин. Сојузниот контролен совет требало да управува со Германија како целина, со задача да го искорени нацизмот и да создаде услови за воведување на демократско уредување. Окупацискиот режим не е временски ограничен. Статусот на Берлин бил определен со Лондонскиот договор кога било решено да има три

[1] САД, Велика Британија и СССР.

[2] Предраг Милојевић, Берлин - шта је све у питању, Београд 1961, 4.

сектори и тоа: американски, советски и британски. Подоцна бил додаден и француски сектор. Во членот 2 од Потсдамскиот договор стои: „Областа на големиот Берлин ќе биде запоседната од трупи на четирите сили. Со цел за заедничко управување во таа област се воспоставува меѓусојузничка власт (команда) која ја сочинуваат четворица команданти под надзор на Сојузничкиот контролен совет со седиште во Берлин“.[3] Во Берлин била создадена единствена општинска управа, бил дозволен слободен проток на стоки и капитал, а постоела и единствена валута. Приодите кон градот биле слободни, иако тие спаѓале на територија која е под контрола на СССР.

Почетоците на кризата биле почуствувани веднаш по војната. Влијанието на заедничкиот совет било незначително така што секоја зона се осамостојува и окупационите команданти работеле секој на свој начин во интерес на својата земја и според општесвеното уредување и политичкиот систем на сопствената замја (американскиот, британскиот и францускиот сектор добиле обележја на нивниот капиталистички систем, а советскиот социјалистички).

Во источниот дел на Германија и Берлин била извршена „револуција одозгора“ и воведен социјалистички систем. Иако Сталин при преговорите со Рузвелт и Черчил во текот на војната ветил дека во земјите кои биле под сферата на влијание на СССР ќе им дозволи слободно изјаснување за општествениот систем, тоа не го направил. Во источниот дел на Германија биле променети општествено-политичките односи без изјаснување на народот. СССР со декрет од 1 август 1945 година овој дел го поделил на 12 управи. Во 1946 година таму биле формирани советски акциони друштва кои ги опфаќале 213 претпријатија кои работеле за потребите за исполнување на обврските од репарациите. Тоа се правело под контрола на Советите, кои не дозволувале западните земји да се мешаат во внатрешните работи на оваа советска окупациона зона.

Во западната зона за разлика од источната се обновило стопанството. Заострувањето на односите меѓу САД и СССР непосредно по војната, придонело кај Американците да се појави мислење дека во идниот судир би била голема улогата на Германија и дека преку нејзина територија би требало да се брани Западна Европа. Затоа, САД презедоа чекори за поблиско поврзување на Германија со западните сојузници. Во исто време се пристапува кон давање на материјална помош за нејзино зајакнување. На состанокот од 28 август 1947 година во Лондон бил усвоен план со кој се давало можност на западниот дел на Германија да се развие индустриското производство 95%

[3] Marjan Hubani i dr., Atlas svetskih zbivanja. Beograd 1964,41.

во однос на производството од 1938 година. Овој дел бил опфатен и со Маршаловиот план[4], при што окупацискиот систем се повеќе бил за соработка за изградба на германското стопанство.

Првите чекори на сојузничките сили за отстранување на договорените цели во заедничката политика, претставувале вовед во укинувањето на општинската управа на Берлин.

Од друга страна, Советите правеле проблеми при слободниот проток на стока и капитал од источниот во западниот дел на Берлин. Затоа инволвираните страни неколку пати се обидувале да формираат комисија која би го проучила германскиот проблем и би понудила решение за негово решавање. Во 1946 година, американскиот претседател Хари Труман, им предложил на Британија, Франција и СССР дваесет и пет годишен договор за демилитаризација на Германија. Советите не сакале да го потпишат овој договор. Оваа постапка била толкувана од страната на Запад како советски обид во цела Германија да воспостават комунизам.[5]

Откако била изгубена надежта за создавање на единствена управа во Германија, на 1 мај 1947 година од американската и британската зона беше создадена Би-зонија. На 6 март 1948 година на состанокот во Лондон на министрите за надворешни работи на трите западни земји беше создадена Три-зонија. Тоа е и прв чекор за создавање на германска влада, при што било решено во овој дел да се спроведат реформи и да дојде до промена на валутата. Од трите зони била создадена една економска целина при што било запрено демонтирањето на индустријата. Германските индустријалци кои во време на војната соработуваат со Хитлер биле пуштени на слобода и им биле вратени фабриките. Исто така, почнале да вложуваат средства за реконструкција на стопанството, така што тие вложувања до 1951 година изнесувале 4 милјарди долари, од кои САД дале 3,2 милјарди, Велика Британија 680 милиони долари, а Франција 15,7 милиони долари.[6]

На 17 јуни 1948 година западните земји извршиле промена на валутата за побрз развиток на Германија. Од трите западни зони била создадена Врховна сојузничка контрола, а на 21 септември 1949

---

[4] Џорџ Маршал (Georg Catlett Marshall) (1880-1959) американски генерал и политичар. Бил шеф на американскиот генералштаб во текот на Втората светска војна. Од 1947-1949 година претстојувал во Кина како специјален претставник испратен од претседателот Хари Труман. Во 1953 година ја добива Нобеловата награда за мир. Се залага за програма за европска економска обнова, по која по неговото име го добива името Маршалов план.

[5] Charles Bohlen, Svjedok povjesti. Zagreb 1973, 266-7

[6] Предраг Милојевиќ, Op. cit., 11.

година била создадена Сојузна Република Германија. Во 1951 година САД, Велика Британија и Франција изјавиле дека престанале непријателствата со Германија, а во 1952 година бил укинат окупациониот режим.

На оваа политика на западните сили, СССР одговорил со тоа што го напуштил Меѓусојузниот контролен совет кој се распаднал на 20 март 1948 година. Во советската зона на 7 октомври 1949 година бил создаден Парламент. По ова Советите се повеќе ја наметнувале власта над германските административни органи.

Во Европа по војната се создадени две германски држави со различни општествени уредувања. На територијата на Германија се судирале интересите на двете спротивставени страни САД и СССР. Во 1948 година избива кризата околу градот Берлин која можела да прерасне во војна меѓу СССР и западните сојузници, позната како Берлинска криза.

Како одговор на промената на валутата, СССР ја променил марката во својата зона. Постоеле знаци дека Советите ќе одговорат со блокада, што во почетокот се правело со задржување на возовите и камионите со образложување дека не се во ред документите за премин. Западните сојузници не се надевале дека Советите би се осудиле да воведат целосна блокада поради што немале подготвено план за превземање на мерки во таква ситуација. Постоеле две решенија или да се повлечат од Берлин, но со тоа би изгубиле предност, или пак да се решат на воена акција. Постоеле повеќе предлози кои биле разгледувани од кои еден бил да се испратат воени конвои кои би ја пробиле блокадата. Но овој предлог отпаднал бидејќи постоела опасност од избувнување на нова светска војна за која би биле обвинети САД дека први ја почнале. Друг предлог бил да им се предложи на Советите да им се придружат на валутните реформи, при што била упатена покана за соработка. Но Советите не дале одговор на оваа покана, а на 24 јуни 1948 година прогласиле целосна блокада. Бил забранет секаков пристап кон западните зони на Берлин, со што беше предизвикана најостра економска криза по војната.

Европа беше опфатена од страв од избувнување на нова војна. Унгарскиот политичар Ерне Геро во еден интервју од 1960 година спомнува дека примил известување од Сталин во пролетта 1948 година дека „Трета светска војна е неизбежна за три или четири години". Ќерката на романската политичарка, Ана Паукер, Татијана Братеску во едно интервју од декември 1990 година, дала изјава дека мајка и го известила семејството дека за неколку години ќе избие нова светска војна.

Западните сојузници се одлучиле снабдувањето на Берлин со огрев и храна да се изврши по „воздушен пат“. Американскиот претседател Хари Труман на состанокот на Националниот совет за безбедност кој се одржал во Белата куќа, поднесол предлог да се зајакне воздушниот мост. Другите членови се сомневале дека успешно ќе биде извршена акцијата, бидејќи немало доволно воени транспортни авиони и тие повторно во случај на војна не би можеле да се употребат. Труман одлучил да остане во Берлин и наредил на Генералштабот да стави на располагање авиони со кои успешно ќе се изведе операцијата за снабдување на Берлин.

Американскиот дипломат Чарлс Болен (Charles Bohlen) кој во време на блокадата отишол во Берлин напишал во своите мемоари: „Во текот на два дена додека поминав во Берлин, беше импресивна глетката кога тие големи авиони се приближуваа над берлинските покриви и се спуштаа над Темпелхоф и повторно полетуваа на растојание од 3-4 минути. Подоцна целата таа глетка стануваше подраматична, кога летовите продолжуваа по лошо време. Во почетокот малку се плашевме дека Советите можат да ја кочат радио врската, зошто тогаш ноќните летови и летањето по лошо време ќе беа практично неможни. Но, набрзо се покажа дека Советите нема отворено да се мешаат во воздушниот приод кон Берлин. Така, ако Советите на било кој начин нешто им направеа на тие авиони, верувам дека лесно ќе дојдеше до војна. Во тоа време владеело мислење, а стручњаците уште сметаа, дека Кремаљ не сакаше војна и дека не сакаше да се стави во положба да го направи со некоја отворена акција.“[7]

Во време на Второто заседание на Советот за безбедност на ООН кое се одржувало во Париз било поставено ова прашање. Во Советот за безбедност стигнала и една резолуција на шест неутрални земји со која се барало укинување на советската блокада и западна контраблокада. Но, претставникот на Советскиот Сојуз во Советот, Вишински ставил вето на оваа резолуција на неутралните земји.

За да ги исплаши Советите, Труман во Велика Британија испратил 60 бомбардери од типот Б-29 кои можеле да носат атомски бомби. Тогаш Американците имале монопол на атомската бомба. Тоа било отворена закана до Сталин и Советскиот Сојуз, дека во случај на понатамошна ескалација на кризата можат да го употребат атомското оружје.

---

[7] Charles Bohlen, Op.cit., 270.

Блокадата траела десет месеци и тоа од 24 јуни 1948 година до 11 мај 1949 година, а за тоа време во Берлин биле извршени 277.728 летови со 2.343.301 тони продукти без тонажата на авионите. Авионите над Берлин летале на секој 45 секунди.[8] Преку воздушниот мост со продукти се снабдувале 2 милиони жители и постојните окупациски сили. Било потребно да се решат техничките прашања, за обновување на аеродромите и обезбедување на сигурност на летањето. За таа цел била воспоставена заедничка англо-американска команда која вршела оспособување на аеродромите. Биле организирани осум аеродроми од кои најголеми биле Темпелкоф во американската и Гатов во британската зона. Од помала важност бил аеродромот во Тегел во француската зона кој сојузниците го обновиле. Биле употребани 230 американски и 150 британски авиони и хидроавиони. Биле воспоставени три коридори над советската зона. Секој коридор бил широк 30 км. Во текот на десетмесечното летење, сојузниците имале минимални загуби од 16 несреќи со 43 мртви. Трошоците биле 173 милиони долари, а учествувале 57.000 луѓе.[9]

Сталин бил изненаден од одлучноста на западните сојузници и не се осмелил да ги запре авионите да се движат по коридорите. Блокадата на Берлин била завршна фаза во поделбата на Германија. Тогаш биле удрени контурите на двете држави и не можело да се зборува за повторно обединување.

Опасноста од нова војна ги натерало двете страни да почнат преговори за попуштање на затегнатоста. Резултати од преговорите е деблокада на Берлин.

Набрзо по тоа биле распишани избори во западниот дел и на нив победила Христијанско-демократската партија. На состанокот на Бундестагот од 21 септември 1949 година за прв канцелар е избран Конрад Аденауер.[10] Така е создадена Сојузна Република Германија. Против овој потег на западните земји остро реагира Советскиот Сојуз и испратил нота во која се заканил дека слично ќе реагира во својата зона. На 7 октомври 1949 година е прогласена Германска Демократска Република со седиште во Берлин на чело со Вилхелм Пик.[11]

---

[8] Предраг Милојевиќ,Op. cit., 36

[9] Vojna enciklopedija.Tom I. Beograd 1976,309

[10] Конрад Аденауер ја формирал Христијанско-демократската партија на Сојузна Република Германија во 1947 година Во периодот пред доаѓањето на Адолф Хитлер на власт во Германија бил виден адвокат и во еден период и градоначалник на Келн. Во време на нацизмот се повлекува од јавниот живот. По војната се залага за сојуз со САД и интеграција на Европа и создавање на Северноатланскиот пакт.

[11] Свет после Другог светског рата. Книга I. Београд 1976,408.

Со пробивање на блокадата на Берлин била поразена непромислената политика на Сталин и тогашното советско раководство. Западната дипломатија постигнала голем успех, бидејќи победата била постигната без да се предизвика војна.

Подоцна советското раководство направило уште една грешка со изградбата на Берлинскиот ѕид. Во периодот од 1945 до 1961 година во западниот дел на Берлин избегале околу 3.300.000 луѓе. Тоа бил квалификуван кадар со што била направена голема штета на Германската Демократска Република. Германскиот лидер и покрај штетите кои ги трпала Германската Демократска Република на 15 јуни 1961 година изјавил дека нема намера да се прави ѕид меѓу двата делови на Берлин. Сепак на 13 август 1961 година почнала изградбата на ѕидот со кој сосема е одделен Источен од Западен Берлин. Како што изјавува Валтер Улбрихт дека на тој ден почнала да се гради антифашистичка бариера. Во периодот од 28 години додека постои ѕидот има многу жртви на Германци од Источниот дел кои се обиделе да ја напуштат државата и да пребегнат на Запад. Прва жртва е дваесет и четворогодишниот Гинтер Лифтан кој бил застрелан при обидот да ја преплива реката Шпреј. Во текот на овие години на постоење на ѕидот се смета дека загинале околу 100 луѓе, а додека 5.000 успеале да пребегнат на Запад.

Во 80-тите години Запад им ветува на земјите од Источна Европа дека широко ќе ги отвори вратите кон Запад и ќе можат двата делови да се обединат и дека ќе биде овозможен слободен премин кон развиените капиталистички земји.

По цела Источна Германија во текот на 1989 година, избиле демонстрации кои се интензивираа во текот на октомври. За да ги угуши демонстрациите властите испратиле 85.000 полицајци кои не можеле ништо да направат за да ги смират демонстрантите чиј број постојано растел. Биле употребени полициски сили против демонстрантите во Берлин, Дрезден, Лајпциг и Потсдам. Тоа било повод за почеток на едно општо востание. Властите во овој период не можеле да сметаат дека СССР ќе испрати војски, па единствено решение била полицијата да се повлече. На 7 ноември 1989 година, паднала владата на Источна Германија, а на 8 ноември Политбирото на Германската комунистичка партија поднело оставка. Тогаш на чело на Партијата бил Егон Кренц. Тој дозволил да се патува слободно од Исток кон Запад. Единствена пречка бил Берлинскиот ѕид. Се почесто се поставувало прашањето кога ќе се сруши ѕидот. Првиот сигнал го дал партискиот шеф на Источен Берлин, Гинтер Швабовски, кој на една прес-конференција на прашање на новинарите кога ќе се пушти

ѕидот, тој одговорил „Токму сега“. Овие зборови ги потикнало граѓаните на Берлин на 9 ноември 1989 година да се упатат да го рушат ѕидот. Тоа е проследено со еуфорија од граѓаните на Берлин. Насекаде се слушале весели гласови кои извикувале „ѕидот е паднат“. Целиот свет ги следеше настаните во Берлин. Тие денови околу 5 милиони Германци од источната страна го посетија западниот дел на Берлин.

По овие настани, веќе никој не можеше да го спречи обединувањето на Германија. За тоа заслужни се потезите кои ги презеле германскиот канцелар Хелмут Кол и советскиот претседател Михаил Горбачов. Според зборовите на тогашниот советски министер за надворешни работи, Шеврнадзе рушењето на ѕидот и обединувањето на Германија претставува пресвртница во светската историја.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

Margarita PEŠEVSKA

## BERLIN CRISIS AND ITS TERMINATION

### Summary

*The world history after the World War II was marked with specific international relations. Many crises appeared in this period which could grow to a new world conflict. That was a global attempt to make a change in the relations of the powers. The destruction of the German armed forces brought radical changes in the relations between USSR and west democratic countries. With the destruction of the Germany, they destroyed their only enemy, who connect them during the war. The condition after the war indicated more the end of the war rafter than the beginning of the peace. The war alliance was replaced with the cold war, which come to the fore in the Berlin crisis, when the world was in front of the danger from the beginning of the new war.*

***Keywords***: *COLD WAR, BERLIN, THE BERLIN WALL, CRISIS, USSR, USA, WAR, THE POWERS, UN.*